**Известување за концентрација со која ГАЛЕНИКА АД БЕОГРАД, Република Србија ќе стекне целосна контрола над Санофарм д.о.о., Република Словенија**

**(предмет бр. 08-151 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 208/24 и 16/25), на ден 22.10.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое ГАЛЕНИКА АД. БЕОГРАД со регистрирано седиште на ул. Батајнички друм бб, Белград - Земун, Србија ќе стекне целосна контрола над Санофарм д.о.о., со регистрирано седиште на Индустријска 6р, 6310 Изола, Словенија, преку купопродажба на удели.

-**ГАЛЕНИКА АД. БЕОГРАД** е основана во 1945 година, а од 2017 година е дел од бразилската Групација НК. Претежната дејност на ГАЛЕНИКА АД. БЕОГРАД е производството на фармацевтски препарати, најчесто лекови што се издаваат на рецепт. Помал дел од асортиманот на ГАЛЕНИКА АД. БЕОГРАД вклучува производи кои можат да се издаваат без лекарски рецепт, како и одредени производи наменети за употреба во професионална стоматолошка ординација.

ГАЛЕНИКА АД. БЕОГРАД има претставништво во Северна Македонија и тоа **ГАЛЕНИКА АД Белград, Србија-ПРЕТСТАВНИШТВО СКОПЈЕ** со регистрирано седипте на булевар Кочо Рацин 14, Скопје и со приоротетна дејнист-истражување на пазарот и испитување на јавното мислење, како и **Друштво за услуги ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на булевар Кочо Рацин 14, Скопје – Центар и со приоритетна дејност- истражувања и експериметален развој во општествените и хуманистички науки.

-**Санофарм д.о.о.**е словенечка компанија која се занимава со увоз и дистрибуција на природни препарати – диететски суплементи од производители од Италија, Фармалајф Рисрч срл (*Pharmalife Research srl*) и ЕСИ срл (*ESI srl*). Санофарм д.о.о.е ексклузивен увозник и дистрибутер на препаратите на овие производители за Словенија и Хрватска.

Санофарм д.о.о. нема зависни друштва, ограноци или претставништва во Северна Македонија, ниту генерира приход во Северна Македонија.

Предложената трансакција се однесува на пазарот на трговија на големо со фармацевтски производи што се издаваат без лекарски рецепт (*OTC производи*) во Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

24.10.2025 година

Скопје